Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 37 став 1 алинеја 1 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06...198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на ден 27.03.2023 година, го утврди следниот:

# Н А Ч Е Л Е Н С Т А В

## I

**Учествувањето на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија во донесување на одлука по конкретен предмет од граѓанска или кривична област по повод вонреден правен лек, ако со барањето за заштита на правото на судење во разумен рок не е опфатен периодот на времетраењето на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, не претставува причина за изземање по член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка, односно член 33 став 2 од Законот за кривична постапката во постапување по предметите за повреда на правото на судење во разумен рок.**

## II

**Судијата кој учествувал во донесувањето на одлуката во понизок степен по граѓански или кривичен предмет по повод кој предмет е поднесено барањето за заштита на правото за судење во разумен рок, може да бара изземање во постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија во прв односно втор степен согласно член 33 став 2 од Законот за кривична постапката, односно член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 33 од Законот за кривичната постапка,

(1) Судија или судија - поротник не смее да врши судиска должност, ако:

1) е оштетен со кривичното дело;

2) обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, неговиот законски застапник или полномошник, му е брачен, односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до втор степен;

3) со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик;

4) во истиот кривичен предмет учествувал како судија на претходна постапка, учествувал во испитувањето на обвинението пред главната расправа, или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот, односно на тужителот, или е испитан како сведок или како вештак и

5) во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на пониските суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата.

(2) Судија или судија - поротник може да биде изземен од вршење на судска должност покрај случаите наведени во ставот (1) на овој член, ако постојат околности кои предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

Согласно член 64 од Законот за парнична постапка, судија или судија-поротник не може да ја врши судиската должност:

1) ако самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соовластеник, сообврзник или регресен обврзник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;

2)ако постојано или привремено работи кај работодавец кој е странка во постапката;

3) ако странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не;

4) ако е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;

5) ако во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на пониските суд или на друг орган и

6) ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата Непристрасност.

Согласно член 6 став 1 од Законот за судовите, секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

Во член 10 став 1 од Законот за судовите, се содржани основните начела на постапката пред судот и тоа:

1. Начело на законитост
2. Рамноправност на странките
3. Судење во разумен рок.

Според член 11 став 1 од наведениот закон, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите.

Според член 36 став 1 од истиот закон, странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот

суд на Република Северна Македонија, а според став 4 Врховниот суд на Република Северна Македонија постапува по барањето кое ги исполнува критериумите утврдени во ставовите 2 и 3 на овој член во рок од 6 месеци од неговото поднесување и одлучува дали нискиот суд го повредил правото за судење во разумен рок, притоа имајќи ги предвид правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи, а особено сложеноста на предметот, однесувањето на странките во постапката и однесувањето на судот кој постапувал.

Согласно член 6 од Европската конвенција за човекови права,

1. Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

Раководејќи се од содржината на наведените законски одредби како и од содржината на член 6 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи и практиката во судот во Стразбур, независно од фактот што во постапка пред Врховен суд на Република Северна Македонија за повреда на правото за судење во разумен рок не се одлучува за главна работа, односно сторено кривично дело и кривична одговорност, ниту пак за разрешување на конкретен спорен граѓанско правен однос, а во член 33 став 1 - 5 од Законот за кривичната постапка, како и член 64 став 1 од точка 1 - 5 од Законот за парничната постапка, таксативно се наброени објективните причини од апсолутен карактер поради кои судијата мора да биде изземен, односно е исклучен од судење, не значи дека судијата не може да биде изземен по член 33 став 2 од Законот за кривичната постапка и член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка. Ова од причина што во член 33 став 2 од Законот за кривичната постапка, односно член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка, се наведени причините за изземање на судија во постапка по конкретен предмет кои не се таксативно наброени, а се оставени на судската практика да утврди стандардни мерила.

Со оглед на тоа што Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 36 став 1 од Законот за судовите, постапувајќи по барање на странка за повреда на правото за судење во разумен рок по правила и принципи содржани во овој став, раководејќи се од член 10 став 1 точка 3 од истиот закон, член 6 од Европската конвенција за човекови права и принципите и стандардите на Европската конвенција за човекови права и во постапка за судење во разумен рок, а со цел да се обезбеди непристрасно и објективно постапување по конкретен предмет пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, од страна на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, може да поднесе барање за изземање по член 33 став 2 од Законот за кривична постапката, односно член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка, доколку по истиот предмет по кој е поднесено барање за повреда на правото за

судење во разумен рок, учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд, како и одлука по повод вонреден правен лек во постапка пред Врховен суд на Република Северна Македонија, доколку со барањето е опфатен и периодот на времетраење на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**